РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-126/1
12-01-2026 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 26-та седница одржана на 30.12.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапувањето по предметот број 12-1074/1 од 13.03.2025 година оформен по пријава против Општина --------- ---------- со наводи за сомневања за незаконско објавување негативна референца во постапка за јавна набавка спроведена во 2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај, од причина што по предметните наводи постапил друг надлежен орган, пријавените наводи не се потврдуваат. ДКСК не е надлежна за постапување по однос на решавање на правното прашање за повреда на права и интереси со објавената негативна референца, а од страна на подносителот како учесник во предметната постапка за јавна набавка не биле користени правни лекови за заштита на неговите права и интереси, како и не е водена жалбена или судска постапка за надомест на штета.

Предметот со број 12-1074/1 од 13.03.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

## Образложение

Предметот со број 12-1074/1 од 13.03.2025 година е оформен врз основа на поднесена пријава од познат подносител. Наводите во пријавата се однесуваат на сомневања за незаконско објавување негативна референца за подносителот од страна на Општина -------- ---------- во постапка по јавна набавка со бр. ---------/2024. Како што наведува подносителот, негативната референца била објавена поради недоставување банкарска гаранција до договорниот орган, па подносителот изразува незадоволство за ваквото дејствие, затоа што банкарската гаранција по предметната јавна набавка била навремено доставена.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

На 10.04.2024 година до ДКСК е доставена истата пријава од Министерството за внатрешни работи на РСМ, која била проследена од Државниот завод за ревизија на РСМ, каде што подносителот првично ја поднел пријавата.

Заради утврдување на состојбите за предметниот случај, ДКСК побара надлежно постапување од Бирото за јавни набавки на РСМ, по однос на: наводите од пријавата за кои подносителот наведува дека му се повредени неговите права и интереси заради незаконското објавување негативна референца за него; наводите за правната празнина по повод објавувањето на негативната референца и наводите за правната празнина за заштита на правата и интересите на подносителот пред надлежен суд. Воедно, ДКСК побара информација и документација од Општина --------- -------- по однос на тоа врз кој законски основ и правен акт била објавена негативна референца во предметниот случај; достава на актот за донесување и објавување на истата и дали и кога била повлечена предметната негативна референца, со достава на акт за истото.

Бирото за јавни набавки на РСМ постапи по барањето на ДКСК и достави одговор во кој е наведено веќе постапило по барање на подносителот на 15.01.2025 година, по однос на наводите за објавената негативна референца. Подносителот бил известен дека Бирото за јавни набавки на РСМ ја отстранува негативната референца врз основа на одлука на надлежен орган или барање од договорниот орган, придружено со изјава од лицето кое ја издало негативната референца, дадена пред надлежен оргнан за сторена техничка грешка, согласно со чл. 45 ст. 1 ал. 15 од Законот за јавните набавки ("Сл. весник на РМ" бр. 24/19 и "Сл. весник на РСМ" бр. 87/21).

Општина -------- -------- извести дека во предметната постапка за јавна набавка од страна на носителот на набавката ДПТУ ----------------------------------------------------------, со кој бил склучен договорот за оваа јавна набавка на 18.12.2024 година, биле доставени банкарски гаранции кои биле некомплетни и невалидни за договорниот орган од причина што истите не ја покривале целосната реализација на договорот од 18 месеци како што било барано во одредбите од склучениот договор односно, банкарската гаранција е со важност само до 31.12.2025 година и не го покрива периодот од две години важност на договорот. Наведеното е спротивно на член 102 став (5) од Законот за јавни набавки кој гласи: *„ (5) Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да е со важност до целосно реализирање на договорот за јавна набавка."*
Врз основа на одредбите утврдени во Законот за јавни набавки и непочитувањето на истите од страна на носителот на набавката, како и врз основа на член 68 и 74 од склучениот договор за јавна набавка, од страна на договорниот орган е искористено правото на еднострано раскинување и на ден 30.12.2024 година доставено е Известување дека

еднострано бил раскинат договорот и била активирана негативна референца за носителот на набавката, а од причина што понудувачот не ја обезбедил бараната банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот и бараната авансна бакарска гаранција која договорниот орган ја предвидел во тендерската документација. Со ваквото постапување носителот на набавката ја прекршил изјавата за сериозност на понудата согласно член 101 став 1 и став 7 од Законот за јавни набавки што претставува основ за договорниот орган да објави негативна референца на ЕСЈН. („*(7) Доколку дојде до наплата на банкарската гаранција на понудата, односно до прекршување на изјавата за сериозност на понудата, договорниот орган во ЕСЈН објавува негативна референца што резултира со исклучување на предметниот понудувач од сите идни постапки за јавни набавки во период од шест месеци од денот на објавувањето. Периодот на исклучување од овој став се зголемува за дополнителни три месеци при секоја наредна негативна референца, но не повеќе од една година.*“

Предметната негативна референца која била објавена во ЕСЈН на 30.12.2024 година, не била повлечена од страна на договорниот орган и истата била со важност од шест месеци од денот на објавувањето, односно до 30.06.2025 година што значи дека истата е веќе со измината важност.

Од сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за предметниот случај е постапено од друг надлежен орган Бирото за јавни набавки на РСМ. Воедно, наводите за сомневање за незаконско објавување на негативна референца не се потврдуваат и ДКСК не е надлежна за постапување по однос на решавање на правното прашање на подносителот по однос на повреда на неговото право и интереси со објавената негативна референца, а од страна на подносителот како учесник во предметната постапка за јавна набавка не биле користени правни лекови за заштита на правата и интересите, како и не е водена жалбена или судска постапка за надомест на штета.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предментиот случај согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: м-р Д. Д., советник/Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен:м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил:м-р С. Д., член

Доставено до:
- Подносителот на пријавата